АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12,
ТЦЦ Плаза, кат 2,
1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

**До: Друштвата за осигурување во Република Македонија**

***Циркуларен допис***

Предмет: Известување

Почитувани,

Врз основа на членот 122 став (1) точка 4) од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на РМ" бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/02, 88/05, 79/07, 08/08, 88/08, 56/09 и 67/10), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе Правилник за методот за вреднување на ставките од Билансот на состојба и изготвување на деловните биланси ("Службен весник на РМ" бр.169/10), со примена од 1 јануари 2011 година. Согласно член 2 став (2) од овој Правилник, Советот на експерти на Агенцијата донесе Правилник за формата и содржината на Извештајот за вреднување на ставките во Билансот на состојба ("Службен весник на РМ" бр.67/11), со примена од втор квартал 2011 година.

Во насока на појаснување на некои одредби од горенаведените Правилници и соодветно и точно пополнување на Извештаите за вреднување на ставките на билансот на состојба кои друштвата за осигурување имаат законска обврска да ги изготвуваат и доставуваат до Агенцијата, Ве известуваме при примена на горенаведените Правилници и составување на Извештаите да ги имате предвид следниве укажувања на Агенцијата:

- Согласно член 2 став (2) од Правилникот за методот за вреднување на ставките од Билансот на состојба и член 1 став (2) од Правилникот за формата и содржината на Извештајот за вреднување на ставките во Билансот на состајба, друштвата за осигурување се должни за состојбата и вреднувањето на ставките од Билансот на состојба (Извештајот за финансиска состојба) да составуваат Извештај за спроведување на овој правилник (обрасци: ВС-1(н.о), ВС-1(ж.о.) и ВС-2) **согласно** **сметководствената состојба** на 31 март, 30 јуни, 30 септември и 31 декември во тековната година, односно горенаведениот Извештај, друштвата за осигурување го составуваат врз основа на податоците од своите деловни книги, на ист начин како и при составување на финансиските извештаи. Што значи состојбата прикажана во Извештајот

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12,
ТЦЦ Плаза, кат 2,
1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

треба да одговара на сметководствената состојба на соодветните ставки. (на пример: прикажаната состојба на сегашна вредност на побарувањата по основ на премија во образецот ВС-1 (н.о.) и ВС-2 (ж.о.) треба да се совпаѓа со АОП 055 (Побарувања од непосредни работи на осигурување) од Билансот на состојба. Разликата помеѓу почетната состојба на исправката на вредност и состојбата на исправката на вредност на побарувањата по основ на премија за осигурување на датумот на известување прикажана во ВС-2 треба да се совпаѓа со АОП 274 од Билансот на успех);

- Исправката на вредност на побарувањата од правни лица против кои е покрената стечајна постапка се врши во износ од 100% од износот на ваквите побарувања, без оглед на периодот на доцнење во исполнување на обврската од страна на должникот и **без оглед дали стечајната постапка била покрената пред или после 31.12.2010 година**;

- Согласно член 3 од Правилникот за формата и содржината на Извештајот за вреднување на ставките од Билансот на состојба, друштвата за осигурување се должни да составуваат и да доставуваат до Агенцијата посебни обрасци – Извештај (ВС-1(н.о.), ВС-1(ж.о.) и ВС-2) за побарувањата чиј датум на доспевање е во периодот до 31 декември 2010 година, вреднувани во согласност со член 8 од Правилникот за вреднување, и посебни обрасци - Извештај (ВС-1(н.о.), ВС-1(ж.о.) и ВС-2) за побарувањата чиј датум на доспевање е во периодот после 31.12.2010 година.

Горенаведените укажувања, друштвата за осигурување треба да ги имаат предвид при составување на Финансиските извештаи и Извештајот за вреднување на ставките од Билансот на состојба, **со состојба на 31.12.2011 година**.

Со почит,

**Претседател на Советот на експерти,**

**д-р Климе Попоски**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12, ТЦЦ Плаза, кат 2, 1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

**Испратено до Друштвата за осигурување:**

1. АД за осигурување и реосиурување КЈУБИ МАКЕДОНИЈА Скопје
2. АД за осигурување ТРИГЛАВ Скопје
3. АД за осигурување САВА Скопје
4. АД за осигурување ЕВРОИНС Скопје
5. АД за осигурување ВИНЕР -Виена Иншуренс Груп Скопје
6. АД за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје
7. Друштво за осигурување ИНСИГ - МАКЕДОНИЈА АД Скопје
8. АД за осигурување УНИКА – Скопје
9. Национална групација за осигурување ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА АД СКОПЈЕ
10. Друштво за осигурување АЛБСИГ АД Скопје
11. Друштво за осигурување КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ- НЕЖИВОТ Скопје
12. АД за осигурување на живот КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ Скопје
13. АД за осигурување на живот ГРАВЕ Скопје
14. АД за осигурување на ВИНЕР Лајф-Виена Иншуренс Груп Скопје
15. АД за осигурување на живот УНИКА Лајф Скопје